Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22), Министерство за транспорт и врски, на ден 07.06.2023 година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Г1.2 – Градба за производство на експлозивни производи и муниција на КП 1254, КП 1255 и дел од КП 4200, КО Дамјан, Општина Радовиш**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Г1.2 – Градба за производство на експлозивни производи и муниција на КП 1254, КП 1255 и дел од КП 4200, КО Дамјан, Општина Радовиш**, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: развој на индустрија и развој на технологија во производството која ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството.Дополнително ќе се овозможи придонес кон локалната и националната економија и зголемување на живеење и животниот стандард на луѓето.Географската положба и сообраќајната поставеност на ова локација одат во прилог за оформување на плански опфат за поставка на Градба за производство на експлозивни производи и муниција.

   Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.07-775/11
Датум: 13.06.2023
Место: Скопје

**Министер**
**Благој Бочварски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE * СКОПЈЕ - SHKUP